Врз основа на член 73 став (1) точка 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 јуни 2026 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за одбивање на приговор**

1. Приговорот на Дејан Ангелов од Пробиштип УП2 09-221/26 од 11 мај 2026 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_30_20250718_198 од 26.01.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_30_20250718_198 од 26.01.2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Дејан Ангелов од Пробиштип до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-221/26 од 11 мај 2026 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_30_20250718_198 од 26.01.2026 година (во понатамошниот текст: Електродистрибуција), против висината на надоместокот за приклучување во износ од 445.437,00 денари за 5,7kW монофазен приклучок за пумпа за вода.

Ова е второ поднесување на приговор за истата парцела, при што првиот приговор беше против Решение за одбивање на барање за согласност за приклучување, по кој беше донесено Решение за уважување на приговорот УП2 бр. 09-960/25 од 06.11.2025 година од страна на Регулаторната комисија за енергетика со задолжение за Електродистрибуција да издаде Решение за согласност за приклучување.

Според Електродистрибуција – по донесеното Решение на РКЕ УП2 09-960/25 од 06.11.2025 година, изготвено е сега приговараното Решение за согласност преку нестандарден приклучок.

Од страна на странката се прифатени Условите за приклучок на 31.01.2026 година, но до моментот на пишување на овој допис странката нема извршено уплата.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 9 јуни 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-221/26 од 11 мај 2026 година со прилог:

- Приговараното Решение
- Слики од приклучен столб

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од 18 мај 2026 година со прилог:

- Извештај за оптовареност на трафостаница
- Потврда од ЈКП НИКОЛА КАРЕВ Пробиштип дека на предметната КП нема водоводна инсталација
- Имотен лист
- Извештај за пад на напон во мрежата
- Слика од барањето за согласност за приклучување
- Прилог Пресметка на надоместок за приклучување на корисник на дистрибутивна мрежа преку нестандарден приклучок со спецификација
- Потврда од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - подрачна единица на Пробиштип,
- GIS скици

На седницата се заклучи Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да достави информација за следното:

- дали падот на напонот ќе задоволува со новопредвидениот 4x25mm2 кабел,
- доколку задоволува - дали барателот ќе учествува по капацитет во вкупните трошоци за приклучокот, и
- бидејќи нема ДУП/УПС/УПВНМ - дали се неопходни трошоците наведени за планирање, проектирање и сите потребни дозволи 0.4kV наведени во доставената Спецификација на трошоци.

На 17 јуни 2026 година беше одговорено следното:

- Падот на напонот ќе задоволува со новопредвидениот кабел NAY2Y- J 4x25mm2(Du=2,33);
- Барателот ќе треба да ги плати вкупните трошоци за реализација на приклучокот, во овој дел нема потенцијални баратели, ниту претходни барања до Електродистрибуција ДООЕЛ;
- Наведената ставка потребна проектна документација и проекти во спецификацијата е потребна бидејќи овие документи ќе треба да се се достават до Општината за одобрение.

На 23 јуни 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека приговараното Решение односно пресметката на надоместокот за приклучување на електродистрибутивната мрежа кон истото е изработена согласно

Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, имајќи предвид дека се работи за нестандарден приклучок.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–221/26**
**29 јуни 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Ацо Ристов**